РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1257/6

17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6 - та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број заведена под број 12-1257/1 од 27.03.2024 година, оформен по пријава со наводи против ЈЗУ Здравствен дом ---------, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори, 2024 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај поради тоа што во предметниот случај започнатата постапка за вработување била прекината и јавниот оглас бил поништен, што значи дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик во дејствијата преземени од страна на пријавената јавно здравствена установа односно, не е констатирано прекршување на законските одредби кои го регулираат забранетото постапување на органите и институциите за време на изборен процес.

Предметот со број 12-1257/1 од 27.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, ----------------------------------------, на ден 27.03.2024 година, поднесена е пријава за сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за претседателски и парламентарни избори, 2024 година, против ЈЗУ Здравствен дом --------- поради спроведување на постапка за вработување во изборен период. Предметот е заведен во Архивата на ДКСК со број 12-1257/1 од 27.03.2024 година.

Предметните наводи се однесуваат на сомневање дека ЈЗУ Здравствен Дом --------- - --------- има постапено спротивно на член 8 од Изборен Законик и член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување корупција и судири на интереси и започнале постапка за вработување по Јавен Оглас објавен на ден 15.02.2024 година, за вработување на здравствени работници, здравствени соработници и помошно технички лица на неопределено време, кој оглас е објавен еден ден по денот на донесување на Одлуката за распишување на Претседателски и Парламентарни избори од страна на Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, донесена на ден 14.02.2024 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, од предметната јавна здравствена установа побарано е да се достави информација со прилог документација по однос на пријавените наводи и тоа: јавен оглас за вработување на здравствени работници, здравствени соработници и помошно технички лица на неопределено време на ЈЗУ Здравствен Дом ---------, објавен на ден 15.02.2024 година, по распишување на изборите; седница од Управен одбор на ЈЗУ Здравствен дом --------- – --------- за потребата од распишување на Јавен Оглас за вработување на здравствени работници, здравствени соработници и помошно технички лица на неопределено време на ЈЗУ Здравствен Дом ---------, објавен на ден 15.02.2024 година, по распишување на изборите;
- документација за спроведената постапка за вработување по горенаведениот јавен оглас со склучување на договори за вработување и друга документација за која ќе произлезе по потреба во текот на постапката.

По барањето на ДКСК добиено е известување со прилог документација и по извршениот увид во истото констатирано е дека во врска со предметната постапка, по објавувањето на горенаведениот оглас и истекот на рокот за пријавување, постапката била запрена, односно не се спроведени останатите фази на истата и не се склучени договори за вработување. Воедно, на ден 03.04.2024 година ЈЗУ Здравствен дом на --------- "---------- донел Одлука за поништување на јавен оглас за вработување на здравствени работници, здравствени соработници и помошно-технички лица на неопределено време ----------------, (објава во дневните весници „Слободен печат" и „Коха"на 09.04.2024 година).

Кон пријавата е приклучено писмено заведено под број 12-1257/3 од 09.04.2024 година, со кое Државниот управен инспекторат до ДКСК препраќа иницијатива на надлежност и постапување, а која до нив како пријава била доставена од истиот подносител на ден 27.03.2024 година. Во писменото се известува дека од страна на управниот инспектор по разгледанување на пријавата согласно своите надлежности утврдени во членот 2 од Законот за управната инспекција („Службен Весник на Република Македонија" бр. 69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/2011, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 156/2015, 193/2015, 53/2016 и 11/2018),

било констатирано дека истиот не е надлежен да постапува по поднесената иницијатива имајќи во предвид дека станува збор за иницијатива за вршење на вонреден инспекциски надзор во која се покренуваат прашања за прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од овој Закон кои го регулираат забранетото постапување од моментот на донесување на одлуката за распишување на изборите .
Исто така, кон предметот е приклучено и писмено број 12-1257/5 од 17.04.2024 година, со кое Државниот управен инспекторат го дополнува претходното писмено и во прилог на истото ја доставува дополнително добиената одлука -------------- од 03.04.2024 година од ЈЗУ Здравствен Дом ---------, заведена во инспекторатот под ------------------- од 05.04.2024 година, со која директорот на наведената јавно здравствена установа го поништува јавниот оглас за вработување на здравствени работници, здравствени соработници и помошно-технички лица на неопределено време објавен на ден 15.02.2024 година во дневните весници „Слободен пенат" и „Коха", а кој бил објавен согласно Одлука за одобрување на вработување на неопределено време во јавните здравствени установи во земјата за вкупно 1.117 лица, ------------------------ од 28.12.2023 година, донесена на Седница на Влада на 28.12.2023 година, Согласност од Министерство за здравство на Република Северна Македонија ------------- од 04.01.2024 година и Согласност од Министерство за финансии на Република Северна Македонија бр.--------------- од 13.02.2024 година.

Врз основа на сето погоре наведено, а имајќи предвид дека во предметниот случај започнатата постапка за вработување била прекината и јавниот оглас бил поништен, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик во дејствијата преземени од страна на пријавената јавно здравствена установа односно, не е констатирано прекршување на законските одредби кои го регулираат забранетото постапување на органите и институциите за време на изборен процес. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ј.Ц..
Одобрил: Т.Д., претседател на ДКСК